NOVA MAKEDONIJA 18 DEKEMVRI 1968

## ВО СТРУМИЦА ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАВА

# СОВРЕМЕНА ТЕАТАРСКА ЗГРАДА

★ **Прва претстава кон крајот на овој месец**

★ **Уметничкото обликување — дело на ликовните уметници Цане Јанкуловски, Александар Ристевски и скулпторот Насо Беќаровски**

Струмица, декември

Вниманието на струмичани се повеќе е свртено кон реконструкцијата на Градскиот театар. Не само љубителите на театарската уметност, туку сите граѓани со големо нетрпение очекуваат да заврши почнатата реконструкција. Иако за релативно кратко време, усилено се работи крајот на оваа година Струмица да го пречека со модерно опремен современ театар. И не станува прашање, само за реконструкција на театарот. Под мошне неповолни временски услови, во сосема кратко време, членовите на колективот, изведувачите на работите, а посебно луѓето што ги реализираат идеите за уметничко обликување на салата и другите простории, секојдневно добиваат честитки од безброј посетители за нивната несебична работа и труд.

Освен предвидените работи според програмата за реконструкција, за чие извршување Општинското собрание одобри 400.000 нови динари, значаен е огромниот придонес првенствено на ликовниот уметник Цане Јанкуловски, потоа на Александар Ристески и на скулпторот Насо Беќаровски за уметничкото обликување на фоаје I и II, салата и клубот. Освен тоа, придонес за реализација на сето ова има и Секретаријатот за образование, наука и култура на СРМ, посебно Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности, кој, исто така, има одобрено 50.000 динари. Заслужува да се истакне и фактот дека од направените заштеди при изведувањето на работите преку формирање на режиски одбор од членови на работниот колектив, како и од набавување на опремата по најповолни фабрички цени и сл., почнатите работи ќе треба да се помогнат со доделување на уште незнатни парични средства. Со ова Струмичкиот театар добива најсовремена комплетна опрема, техника и ликовно обликување на своите простории. Крајот на реконструкцијата ќе значи почеток на прославата на дваесетгодишнината од постоењето на овој театар.

— Ова е своевиден потфат — ни рече во краткиот разговор еден од креаторите на уметничкото обликување, ликовниот уметник Цане Јанкуловски. Струмица со тоа ги разби оковите на сите сфаќања за таков вид обликување на културна установа каква што е театарот. Сметам — продолжи Јанкуловски, тоа ќе биде дело какво што засега нема кај нас, во СРМ.



Цане Јанкуловски

**И. Станоев**